**20111643576**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 38, став 1 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/10), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.11.2011 година, донесе

# УРЕДБА ЗА СТАНДАРДИТЕ И НОРМАТИВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ИЗГРАДБА И УРЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ ГИ КОРИСТИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите кои ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини кои ќе овозможат безбедно, непречено и економично извршување на граничната контрола.

Член 2

Службените простории кои се користат за вршење на гранична контрола на граничните премини се сместени во објекти од цврста градба и ја имаат следната инфраструктура:

- довод за електрична енергија со соодветно внатрешно осветлување од минимум250 лукса,
- довод за електрична енергија со соодветно надворешно осветлување од минимум 250 лукса,
- довод за вода,
- доволен број на санитарни јазли,
- соодветен одвод, соодветно греење и ладење,
- телекомуникациски водови со доволен број на телефонски линии,
- информатички водови и мрежно поврзување,
- агрегат за електрична енергија од минимум 65 KWA и
- соодветно хортикултурно уредување.

Член 3

Објектите во кои се сместени службените простории кои се користат за вршење на гранична контрола, како и просторот на граничниот премин, покрај инфраструктурата наведена во член 2 од оваа уредба, потребно е да бидат опремени и со:

- контролни кабини за вршење на пасошка и царинска контрола со површина од минимум 2,25 м2 по кабина,
- соодветна настрешница заради заштита од временски услови и непогоди која би се простирала по целата должина на управната зграда, плус од 5 до 7 метри во должина од крајните рабови на контролните кабини,
- соодветни автоматски рампи на сите ленти,
- соодветна жичана ограда за оградување на подрачјето на граничниот премин во висина од минимум 1,70 метри до 2,50 метри,
- соодветен број на сообраќајни ленти за патнички возила во широчина од 3 метри до 3,50 метри, за теретни возила во широчина од минимум 3,50 метри, а кај граничните премини од прва категорија и една сообраќајна лента за вонгабаритен превоз во широчина од минимум 4 метри,
- соодветен број на железнички колосеци,

- соодветна вертикална и хоризонтална сигнализација,
- браници или полубраници на коловозните ленти,
- соодветно место со канал со должина од минимум 10 метри и широчина од минимум 1 метар, за детална контрола на возила надвор од сообраќајните ленти наменети за основна контрола,
- место за паркирање на службени возила со минимум три паркинг места и
- јавен паркинг простор.

Член 4

Површината на објектите на граничните премини се утврдува во урбанистичкиот проект изготвен за секој граничен премин посебно согласно прописите за просторно и урбанистичко планирање.

Член 5

Граничните премини покрај стандардите и нормативите утврдени во членовите 2 и 3 од оваа уредба треба да ги исполнуваат и посебните стандарди и нормативи за планирање, изградување и уредување утврдени во оваа уредба, во зависност од категоријата на граничниот премин.

Член 6

Во објектите во кои се сместени полициските станици за гранична контрола од прва категорија се наоѓаат следните простории:

- канцеларија за командир од минимум површина 20 м2,
- канцеларија за помошник командир од минимум површина 16 м2,
- сала за состаноци со минимум површина од 30 м2,
- канцеларии и простории за службена употреба во зависност од бројот на вработените, при што канцеларијата во која е предвидено да работи еден вработен е со површина од најмалку 9 м2, а доколку во една канцеларија се сместени повеќе лица површината се зголемува за најмалку 6 м2 за секој вработен,
- просторија за дежурна служба со површина од минимум 20 м2,
- чајна кујна со површина од минимум 6 м2,
- две соблекувални за лица од машки и женски пол со површина од минимум 24 м2, опремени со најмалку две туш кабини,
- чекална со површина од минимум 20 м2,
- просторија за преглед на лица и ствари со површина од минимум 6 м2,
- просторија за баратели на азил со површина од минимум 9 м2,
- магацин за чување на привремено одземени предмети со површина од минимум 18 м2,
- магацин за опрема и вооружување со метална врата и метални решетки на прозорците со површина од минимум 20 м2,
- просторија за сместување на информатичка и телекомуникациска опрема со површина од минимум 12 м2 и
- соодветен бокс за сместување на службено куче.

Член 7

Воздухопловните пристаништа покрај просториите наведени во член 6 од оваа уредба, располагаат и со:

- транзитна сала,
- доволен број на простории во терминалната зграда во кои се обезбедени соодветни услови за сместување на странци кои не ги исполнуваат условите за влез во Република Македонија,

- најмалку една службена просторија во салите за влез и излез која ќе биде наменета за потребите на персоналот со површина од минимум 16 м2, како и една просторија за детален претрес на лица и багаж со површина од минимум 9 м2 и
- бункер за сместување на сомнителен багаж.

Член 8

Во објектите во кои се сместени полициските станици за гранична контрола од втора категорија се наоѓаат следните простории:
- канцеларија за командир со површина од минимум 20 м2,
- канцеларија за помошник командир со површина од минимум 16 м2,
- канцеларии и простории за службена употреба во зависност од бројот на вработените, при што канцеларијата во која е предвидено да работи еден вработен е со површина од најмалку 9 м2, а доколку во една канцеларија се сместени повеќе лица површината се зголемува за најмалку 6 м2 за секој вработен,
- просторија за дежурна служба со површина од минимум 20 м2,
- чајна кујна со површина од минимум 6 м2,
- две соблекувални за лица од машки и женски пол со површина од минимум 24 м2, опремени со најмалку две туш кабини,
- чекална со површина од минимум 20 м2,
- просторија за преглед на лица и ствари со површина од минимум 6 м2,
- просторија за баратели на азил со површина од минимум 9 м2,
- магацин за чување на привремено одземени предмети со површина од минимум 20 м2,
- магацин за опрема и вооружување со метална врата и метални решетки на прозорците со површина од минимум 20 м2,
- просторија за сместување на информатичка и телекомуникациска опрема со површина од минимум 12 м2 и
- соодветен бокс за сместување на службено куче.

Член 9

Во објектите во кои се сместени полициската станица за гранична контрола на граничен премин од трета категорија се наоѓаат следните простории:
- канцеларија за командир со површина од минимум 16 м2,
- канцеларии и простории за службена употреба во зависност од бројот на вработените, при што канцеларијата во која е предвидено да работи еден вработен е со површина од најмалку 9 м2, а доколку во една канцеларија се сместени повеќе лица површината се зголемува за најмалку 6 м2 за секој вработен,
- просторија за дежурна служба со површина од минимум 18 м2, чајна кујна со површина од минимум 6 м2,
- две соблекувални за лица од машки и женски пол со површина од минимум 20 м2, опремени со најмалку две туш кабини,
- чекална со површина од минимум 16 м2,
- просторија за баратели на азил и за преглед на лица и ствари со површина од минимум 9 м2,
- магацин за опрема и вооружување и за чување на привремено одземени предмети со метална врата и метални решетки на прозорците со површина од минимум 20 м2 и
- просторија за сместување на информатичка и телекомуникациска опрема со површина од минимум 12 м2.

Член 10

Привремениот граничен премин треба да ги исполнува следните минимални стандарди и нормативи и тоа:

- соодветен објект од монтажен тип или контејнер со површина од најмалку 12 м2,
- довод за струја или агрегат за електрична енергија,
- довод за вода или цистерна со вода за пиење,
- фиксна или мобилна телефонска линија,
- јарбол за знаме,
- два подвижни санитарни јазли и
- соодветно уредена површина на која се наоѓа подрачјето на граничниот премин.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите кои ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/07).

Член 12

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-6920/1
20 ноември 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески** , с.р.